Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 24-13
Дата: 20.02.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија и услуги ЧОЧКОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Солунска бр. 1 Велес, застапувано од Ѓоре Чочков – управител, со вршење на дејноста-складирање и третман на отпад. Со Записник бр. 24-13 од 18.02.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 точка 32 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ЗАБРАНУВА** на Друштво за трговија и услуги ЧОЧКОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Солунска бр. 1 Велес:

   - Работата, односно вршење на дејноста управување со отпад во границите на објектот за складирање и третман на отпад, лоциран на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 56 Велес, КП 16027 КО Велес без дозвола за управување со отпад издадена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

   Рок: веднаш со денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1. на ова решение е должен веднаш по добивањето на Дозвола за управување со отпад од членот 64 од Законот за управување со отпадот, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија и услуги ЧОЧКОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Солунска бр. 1 Велес, во објект за складирање и третман на отпад, на локацијата-ул. Академик Пенчо Давчев бр. 56 Велес, КП 16027 КО Велес

Вонредниот надзор се изврши по службена должност за да се утврди дали субјектот на надзор кој управува со отпад за

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

горенаведената локација поседува дозвола за вршење на дејностите за управување со отпад од членот 64 од Законот за управување со отпадот.

[redacted]

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 24-13 од 18.02.2025 година.

Субјектот на надзор ЧОЧКОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес на локација во м.в. Речани, ул. Акадмик Пенчо Давчев бр. 56 Велес, КП16027 КО Велес, во објект земен под закуп, врши управување со отпадот, односно складирање и третман на отпадна хартија и картон, најлон и пластика без претходно да обезбеди соодветна дозвола од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање и без претходно надлежниот орган да утврди дали локацијата ги исполнува условите од Законот за управување со отпадот.

Субјектот веќе поседува дозвола за управување со отпадот (складирање и третман на неопасен отпад) на друга локација од предметната при надзорот – ул. Филип II бр. 50 Велес, што подразбира дека одговорното лице веќе ги спроведувало постапките за добивање на дозвола, утврдени во член 64 од Законот за управување со отпадот.

Согласно член 64 став 1 од Законот за управување со отпад: **Субјектите кои управуваат со отпадот се должни да поседуваат дозвола за управување со отпадот доколку 2) складираат отпад.** Пред издавањето на дозволата, правното лице е должно да поденесе барање за добивање на дозвола до Стручниот орган-Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање и во прилог на барањето да обезбеди документација за исполнетоста на условите за вршење на дејноста на предметната локација, таксативно наведена во член 64 став 3 од Законот за управување со отпадот.

Заради тоа што спротивно на член 64 од Законот за управување со отпадот, субјектот ја врши дејноста управување со отпадот на предметната локација без да поседува дозвола за управување со отпадот, согласно овластувањата што произлегуваат од член 116, став 1, точка 35 и врз основа на член 117 став 1 точка 32 од Законот за управување со отпадот, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението. Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 24-13, на ден 20.02.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243